С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 6 година XLIV

30 април 2008

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес УБ 32 и 48 – УЕ 4 и 9 (2008-2018) - Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес УБ 32 и 48 – УЕ 4 и 9 (2008-2018) - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/1
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.8/08-пречистен текст) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.04.2008 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес .

Документацијата за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Веле е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.78/06 и140/07) и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес.

- Извештај од стручната расправа.
- Известување за постапување по Извештајот.

Член 3

За изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велесима добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.16-4213 од 25.03.2008 година.

Член 4

Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ

Подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи Подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 5

Изменувањето и дополнувањето на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2363/1
29.04.2008 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/2
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
А це Коцевски с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 и 67/07), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05), а согласно член 36,став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.2/08) се врши дополнување во член 3, став 1, алинеа 2, каде после „точката“ на крајот на реченицата се додава следниот текст:

- „ Во ООУ „Васил Главинов“ реализација на два проекта: 1.Проект –промена на постоечката дрвена столарија со нова алуминиумска со застаклување со термопан стакло на новото крило. 2.Проект –изведба на термичка фасада на двете крила.

-Во ООУ „Благој Кирков“ и ООУ „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ реализација на два проекта:1. Проект - промена на постоечката дрвена столарија со нова алуминиумска со застаклување со термопан стакло на старото крило. 2.Проект –изведба на обична фасада со завршно шприцање.

-Во ОСУ „Јовче Тесличков“ реализација на два проекта:1.Проект- Проект - промена на постоечката дрвена столарија со нова алуминиумска со застаклување со термопан стакло во цела училишна зграда. 2.Проект - изведба на термичка фасада на цела зграда.“

Во алиена 3 точката на крајот од реченицата се брише и се додава следниот текст „ и поддршка на проекти за локален економски развој“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2363/2
29.04.2008 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирма на трговски друштва, здруженија на граѓани и фондации

Се објавува Одлуката за давање дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирма на трговски друштва, здруженија на граѓани и фондации, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/3
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 48 став 2 од Законот за трговските друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05 и 25/07), член 36,став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за давање дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирма на трговски друштва здруженија на граѓани и фондации

Член 1

Со оваа Одлука се дава дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирмата при регистрација на трговските друштва, здруженијата на граѓани и фондации.

Член 2

Дозволата за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирмата ќе се издава поединечно, согласно потребата за регистрација на физички или правни лица.

Дозволата ќе ја издава Градоначалникот на Општина Велес или раководен државен службеник кој ќе биде овластен од негова страна.

Член 3

При поднесување на барањето за добивање на дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка од страна на подносителот потребно е да бидат измирени обврските согласно Законот за административни такси.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2363/3
29.04.2008 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/4
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2363/4
29.04.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за не прифаќање на Иницијатива за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јорадн Хаџи Константинов-Џинот“ Велес

Се објавува Заклучокот за не прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/5
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не прифаќање на Иницијатива за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ Велес

1. Советот на Општина Велес не ја прифати Иницијативата за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ Велес., поведена од Градоначалникот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2363/5
29.04.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за распределба на средства за спортските клубови за 2008 година

Се објавува Решението за распределба на средства за спортските клубови за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.04.2008 година.

Број 08-2390/6
30.04.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес" бр.12/06), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.22/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.04.2008 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година

1.Со ова решение се врши распределба на средства од Буџетот на Општина Велес на спортски клубови и спортисти од општината согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година, глава IV во точка, реден број 1 - Поддршка на квалитетен спорт - надоместок за користење на спортски објекти, предвидени средства 1.000.000 денари.

2. Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

Ред. број	Име на спортскиот клуб	доделени средства за 2008 година
1	Одбојкарски клуб ,,Борец,,	70.000
2	Одбојкарски клуб ,,Борец,, - жени	90.000
3	Клуб за мал фудбал ,,Велес,,	90.000
4	Ракометен клуб ,,Борец,,	70.000
5	Рак. клуб ..Леов Бартек,, - жени	70.000
6	КоШаркарски клуб ,,Ангели Леов,	40.000
7	Кајакарски клуб ,,Вардар,,	25.000
8	Кајакарски клуб ,,Вила Зора,,	25.000
9	.Кајакарски клуб ,,Бабуна,,	25.000
10	Младинско велосипедски клуб ,,Велес,,	20.000
11	Клуб за гимнастички спортови ,,Партизан,,	40.000
12	Здружение на спортски риболовци ,,Бабуна,,	10.000
13	Стрелачки клуб ,,Велес,,	10.000
14	Атлетски клуб ,,Изгрев,,	12.000
15	Фудбалски клуб ,,Борец,, машка и женска екипа	120.000
16	Фудбалски клуб ,,Превалец,,	70.000
17	Фудбалски клуб ,,Бирлик,,	25.000
18	Фудбалки клуб ,,Интернационал,,	20.000
19	Фудбалски клуб ,,Илинден,,	20.000
20	Карате клуб ,,Гемиции,,	8.000
21	Карате клуб ,,Бушидо,,	8.000
22	Карате клуб ,,Велес,,	8.000
23	Карате клуб ,,шкорпион,,	8.000
24	Карате клуб ,,Гладијатор,,	8.000
25	Спортско риболовно друштво ,,Металург,,	8.000
26	Јуниор куп ,,Снупи,, мал фудбал	40.000
27	Кадети ,,Снупи,, А-1 мал фудбал	40.000
28	Фудбалски клуб ,,Македонско Сонце,,	20.000
	ВКУПНО:	**1.000.000**

3. Средствата ќе се исплаќаат до крајот на годината сразмерно со полнењето на Буџетот на Општината за 2008 година.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласникна Општина Велес".

Број 07-2363/6
29.04.2008 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

84	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес УБ 32 и 48 – УЕ 4 и 9 (2008-2018) - Општина Велес**	140
	О Д Л У К А за донесување на изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес урбан блок 32 и 48 – урбана единица 4 и 9 (2008-2018) – Општина Велес	
85	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес**	141
	ОДЛУКА за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес	
86	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирма на трговски друштва, здруженија на граѓани и фондации**	142
	О Д Л У К А за давање дозвола за употреба на името „Велес“ како додавка во називот на фирма на трговски друштва здруженија на граѓани и фондации	
87	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година**	142
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности за период од 01 октомври 2007 до 31 март 2008 година	
88	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучокот за не прифаќање на Иницијатива за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јорадн Хаџи Константинов-Џинот“ Велес**	143
	З А К Л У Ч О К за не прифаќање на Иницијатива за покренување постапка за престанување со работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ Велес	
89	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за распределба на средства за спортските клубови за 2008 година**	143
	РЕШЕНИЕ за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00